

# Како да направите БукТуб (BookTube) снимка?

**Опис:**
Пред нешто повеќе од 10 години, го откривме БукТуб – тоа се видеа (често објавувани на платформата ЈуТуб) кои ја оживеаја уметноста на книжевната критика и околу кои се формираа вистински виртуелни заедници на читатели, главно составени од тинејџери и млади луѓе.

Работилницата посветена на БукТуб е алатка која на лесен начин ќе ги запознае учениците со книжевната критика и уметноста на аргументација, врз основа на книгите што ќе ги изберат.

Агендата на работилницата се состои од читање, пишување и визуелни елементи, охрабрувајќи ги младите читатели да ги изразат своите чувства на помалку формален, но искрен начин.

Тоа е исто така неверојатно инспиративна активност за другите и прекрасен начин за промовирање на проектот Read.forReal Читај.Вистински.

## Накратко:

**Цели:**
- . Пишување рецензија за книга
- . Организирање на мисли и идеи
- . Практикување на говорење
- . Снимање и уредување видео-снимки
- . Поттикнување на другите да читаат

**Кој може да учествува?**
- . Работилници кои вклучуваат снимање и монтажа на видео-снимки: средношколци, ученици на возраст од 12 години и постари и млади кои не одат во училиште (12 години и постари)
- . Работилници со учество на возрасно лице одговорно за снимање и монтажа: деца од 8 години и постари

**Каде?**
- . На час
- . Во библиотека

**Организатор:**

- Наставничка/наставник во училиште
- Библиотекарка/библиотекар

**Со кого?**

- Работилницата може да ја води професионален БукТубер или културен аниматор (платен).
- Лицето што ги води работилниците може да биде наставник или библиотекар.

Во секој случај, лицето кое ја спроведува работилницата мора да има вештини за снимање и уредување видеа за да може да им го претстави видеото на учесниците во неговата финална форма.

**Времетраење:**

- 3 часа
- Работилниците се состојат од два дела.
  1. Пишување рецензија.
  2. Снимање и монтажа на видео филмче БукТуб.

**Максимален број на учесници:**

- 15 лица

## Материјали и теми на работилниците:

**Материјали:**

- Голема табла или флипчарт на која водачот на работилницата може да пишува
- Хартија и моливи за учесниците
- Телефон за снимање и уредување на видео-снимка БукТуб (со инсталирана апликација за уредување видеа)
- По можност - компјутер опремен со софтвер за уредување видео-снимки

**Теми:**

- Работилниците можат да бидат одлична можност за изразување на мислењето за важни современи теми и други прашања кои се важни од гледна точка на проектите на Европската Унија:
  - екологија: избор на теми поврзани со глобалното затоплување, дивиот свет и ликовите кои ја штитат природата и животната средина.
  - здравје: избор на теми поврзани со превенција од закани, вклучувајќи: нездрави навики во исхраната, прекумерна употреба на екрани, спортски теми.
  - живеење во заедница: избирање стории за луѓе кои живеат заедно, без оглед на нивните разлики.
  - Европа: избор на текстови од други земји на Европската Унија како референтна точка за откривање на други култури.

## Тек на сесијата

**Пред сесијата:**
Секој учесник на работилницата избира книга (за која се дискутира на час / од својата домашна библиотека / неодамна позајмена од библиотеката). Учесниците мора да изберат книга што особено им се допаѓа за полесно да зборуваат за неа и детално да коментираат за заплетот и карактеристиките на книгата. Тоа може да биде роман, поезија, стрип, манга, есеј, литература за млади...

Добра идеја е за време на работилницата учесниците да ја имаат со себе книгата за која разговараат, за да можат да ја покажат нејзината корица или пак да прочитаат краток извадок. Сепак, ова не е неопходен услов.

**1. Пишување:**
Ако водачот на работилницата е професионален културен аниматор (особено БукТубер), добро би било првите неколку минути од работилницата да се посветат на презентирање на неговите активности. Децата и тинејџерите можат да подготват список со прашања:

- Како дознавте дека постои таква професија?
- Какви карактеристики мора да има БукТуберот?
- Како ги избирате книгите за кои зборувате?
- Колку книги читате неделно?
- Колку можете да заработите правејќи го она што го работите?

Потоа, водителот на работилницата ги замолува учесниците да напишат свои рецензии за избраните книги. Подолу се дадени примероци на прашања што ќе им помогнат на учесниците да ги организираат своите мисли и идеи:

- Кога ја прочита книгата што ја избра?
- Зошто сакаш да збориш за неа?
- Подготви кратко резиме на заплетот.
- Накратко опиши ги главните ликови.
- Опиши што најмногу ти се допадна додека ја читаше книгата (односите меѓу ликовите, опишаниот свет, пресвртите во заплетот итн.)
- Опиши ги чувствата што ги доживеа додека ја читаше книгата (страв, тага, радост, лутина итн.)
- Кажи ми со кој лик се идентификуваш/кој лик ти е најблизок и зошто?
- Објасни зошто мислиш дека другите треба да го прочитаат избраниот текст што е можно поскоро. Во овој момент учесниците на работилницата можат да се повикаат на „европските теми“ поврзани со текстот.

**2. Снимање и уредување:**
Вториот дел од работилницата е посветен на преставување на рецензиите на младите луѓе во визуелна форма.

За да се постигне ова, добра идеја е учесниците на работилницата да се поделат во мали групи (максимално 2-3 лица). Работа со истомисленици помага да се создаде опуштена атмосфера во која учесниците ќе се чувствуваат послободно пред камерата.

Видеата може да се снимаат на денот и местотот на одржување на работилницата или може да се снимаат однапред во средина избрана од страна на учесниците. Младите учесници на работилницата можат да одлучат за ова, избирајќи ја локацијата каде што се чувствуваат најудобно.

Тука улогата на водителот на работилницата се сведува на давање совети и предлози на младите, како што се наведени подолу:

- Најдете место каде што можете слободно да снимате (на пр. во вашата соба/дом, во парк, во училницата, на локацијата на работилницата итн.)
- Доколку сакате, изберете локација за снимањето што е поврзана со темата на книгата (на пр. шума ако дискутирате за фантастична книга)
- Доколку сакате, слободно учествувајте и самите во снимената сцена, на пр. облечете се во некој костим, користете реквизити поврзани со книгата.
- Одглумете сцени од деловите од книгата што најмногу ве трогнале и вклучете ги вашите пријатели (на овој начин, младите учесници ќе си помагаат едни на други за време на снимањето на видеата, стоејќи зад камерата или пред објективот, што ќе им помогне да го надминат стравот и да создадат убави спомени).
- Следете ги упатствата за пишување: користете пократки реченици, зборувајте директно, зборувајте за вашите чувства откако ќе го прочитате текстот.
    - За помладите деца (на возраст од 6 години и повеќе), добро би било за време на работилниците да се организираат активности за изработка на костими и сценографија (кои се однесуваат на книгата) за да се направи целиот настан уште поинтересен и позабавен. Затоа, за помладите деца, снимката на БукТуб може да се однесува на една книга (за целото одделение) за да им се овозможи на сите деца да учествуваат во заеднички проект.

Откако видеото ќе биде снимено, учениците можат да го уредуваат (со неколку исечоци доколку е потребно) под надзор на наставникот користејќи бесплатен, едноставен софтвер (на пр., Canva). Уредувањето може да се прави во групи на час или индивидуално, веднаш по снимањето.

**3 По завршувањето на работилницата:**

Добра идеја е да објавувате видеа на некоја онлајн платформа или пак на социјалните медиуми. Споделувањето на видеа во рамките на европската мрежа Read.forReal Читај.Вистински е одличен начин да се дознае за изборот на книги од страна на децата и младите од различни европски земји, да се слушне како раскажуваат за книгите и да се види во каква литература уживаат!

Примери на видеа БукТуб:
https://ciclic.fr/actualites/c-est-dans-la-boite-avec-les-ateliers-booktube